Врз основа на член 64 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 4/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24), Министерството за култура и туризам објавува

**КОНКУРС**
**ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ПРОЕКТИ ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА СО КОЈ ЌЕ СЕ ПОТТИКНЕ РАЗВОЈОТ НА КРЕАТИВНИТЕ ИНДУСТРИИ ВО 2025 ГОДИНА**

## *I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ*

Министерството за култура и туризам, во функција на поддршка на активностите што ги вклучуваат културните или уметничките и другите видови продукции базирани на знаења и вештини, со цел видлив развој и на туризмот, објавува Конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата со кој ќе се поттикне развојот на креативните индустрии во 2025 година (во натамошниот текст: Конкурсот). Преку Конкурсот ќе се обезбеди финансиска поддршка на проекти за развој на креативните индустрии (архитектурата, визуелните уметности, презентацијата на филмското творештво, дизајнот, применетата уметност, културното наследство, културниот туризам, литературата, модата, музиката, изведувачките уметности и различните форми на дигиталното уметничко изразување).

Проектите треба да се реализираат заклучно со 31.11.2025 година.

Министерството за култура и туризам во 2025 година ќе ги поддржи следниве видови проекти со кои ќе се поттикне развојот на креативните индустрии (КИ):

| **Видови проекти** | **Максимален износ на финансиска поддршка** |
|---|---|
| 1. Фестивал на креативни индустрии во траење од најмалку 15 дена (право на учество имаат само општините) | до 40% од вкупното чинење на проектот, со износ до 1 800 000 денари |
| 2. Фестивал на креативни индустрии кој се одржува континуирано и досега се реализирани најмалку 10 изданија (право на учество имаат правни лица, со исклучок на општините и трговци поединци) | до 1 200 000 денари |
| 3. Фестивал на креативни индустрии кој се одржува континуирано и досега се реализирани најмалку 5 изданија (право на учество имаат правни лица, со исклучок на општините и трговци поединци) | до 600 000 денари |
| 4. Фестивал/саем/манифестација на креативни индустрии (право на учество | до 400 000 денари |

| | |
|---|---|
| имаат правни лица, со исклучок на општините и трговци поединци ) | |
| 5. Изработка на колекција/серија на различни креативни/уметнички производи со изложба/презентација на производите (право на учество имаат физички лица и трговци поединци) | до 100 000 денари |
| 6.Организирање конференција/форум од областа на креативните индустрии (право на учество имаат правни лица, со исклучок на општините и трговци поединци ) | до 500 000 денари |

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- **Министерството за култура и туризам нема да финансира проекти во кои креативните и културните индустрии, програмски и концепциски, не се основа на проектот.**
- **Министерството за култура и туризам нема да финансира проекти што се реализираат во кафетерии, ресторани, дискоклубови и казина.**
- **Министерството за култура и туризам нема да финансира: трошоци за комунални, сметководствени и телекомуникациски услуги; трошоци за такси-услуги и за дневен превоз; трошоци за изнајмување простор за работа (канцеларија, работилница, студио...), членарини, како и за набавка (купување) на техничка опрема и мебел.**

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА КОНКУРСОТ

- Право на учество на Конкурсот имаат: физички лица, државјани на Република Северна Македонија; правни лица и единиците на локалната самоуправа. Под правни лица се подразбираат установи од областа на културата (локални или приватни), единици на локалната самоуправа, здруженија, сојузи, асоцијации, трговски друштва, трговци поединци и други правни лица регистрирани во Република Северна Македонија во согласност со закон.
- На Конкурсот немаат право на учество Град Скопје, општините во Градот Скопје, националните и локалните установи.
- Учесникот на Конкурсот кој имал поддржани проекти од Министерството за култура и туризам во претходните години треба да ги има исполнето сите обврски во согласност со склучените договори со Министерството за култура и туризам. Поднесените пријави на Конкурсот од учесници што не ги исполниле сите обврски во согласност со склучените договори со Министерството за култура и туризам нема да бидат разгледувани.

Правните и физичките лица може да учествуваат на Конкурсот само со еден проект.

Потребната задолжителна документација со која се докажува исполнетоста на општите и на посебните услови е утврдена подолу во овој конкурс.

Нема да бидат разгледувани следниве пријави:

– доставени по истекот на рокот утврден во Конкурсот;

– кои не соодветствуваат на видот на проектот;

– доставени на електронски адреси на вработени во Министерството за култура и туризам;

– нецелосно пополнети (сите графи треба да бидат пополнети со соодветни податоци);

– за кои во прилог не е доставена задолжителната документација утврдена во овој конкурс.

## III. ПРИОРИТЕТИ

За да може проектот да биде оценуван од страна на стручна комисија, со пријавениот проект треба да се исполнат најмалку 4 (четири) од следниве приоритети, во согласност со видот на проектот:

1. Проекти кои се во функција на промоција на креативните индустрии со изразена видливост во јавноста;
2. Проекти со кои се поттикнуваат културниот туризам и другите видови туризам во државата;
3. Проекти кои се во функција на поддршка на креативните практичари (здружено и/или индивидуално) како фокус-фактор во развојот на креативните индустрии;
4. Проекти кои придонесуваат за популаризација на идентификуваното природно и/или културно наследство и за поттикнување на одржливиот развој;
5. Проекти кои придонесуваат за зачувување и практикување на традиционалните занаети, особено на оние што се во изумирање;
6. Проекти кои придонесуваат за популаризација на македонската традиционална гастрономија и/или на македонските вина;
7. Поддршка на конференција/форум од областа на креативните индустрии со вклученост на меѓународни и на домашни експерти;
8. Изработка на оригинални креативни производи од областа на применетите уметности;
9. Креирање продукти и активности кои имаат привремено/среднорочно/долгорочно влијание и економски придонес врз заедницата и релевантните сектори;
10. Проекти со кои се интегрираат зелени практики преку културни активности за подигнување на свеста за еколошко одговорна култура;
11. Проекти што се реализираат во соработка со општина и/или партнер/фондација/спонзор;
12. Проекти кои се во функција на достапност и вклученост на заедницата, различни групи и на публиката во проектните активности;
13. Проекти со потенцијал за создавање или подобрување на културни активности значајни за заедницата, збогатување на локалната културна сцена преку иновативни и креативни решенија.

## IV. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА КОНКУРСОТ

За да може проектот да биде оценуван од страна на стручна комисија, подносителот на пријавата треба да ги исполни следниве:

### <u>А) ОПШТИ УСЛОВИ</u>

- Да е државјанин на Република Северна Македонија (за физички лица).

- Да е регистриран во Централниот регистар на Република Северна Македонија, со исклучок на единиците на локалната самоуправа и другите правни лица чиј основач е Република Северна Македонија (за правни лица).
- Да има документ со кој се потврдува учеството на наведените учесници и соработници во проектот.
- Да има обезбедено простор за реализација на проектот.
- Да ги има регулирано авторските права (доколку од проектот произлегува обврска за регулирање на правата од интелектуална сопственост (авторските права или правата од индустриска сопственост).
- Да има договор за соработка (доколку проектот се реализира врз основа на договорена соработка или доколку е посебен услов според видот на проектот).
- Да има портфолио за носителот на проектот, со исклучок на општините.

**Б) ПОСЕБНИ УСЛОВИ ПО ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ПРОЕКТИ**

**Подносителот на проектот од областа на креативните и културните индустрии во целост треба да ги исполни наведените посебни услови:**

1. **Фестивал на креативни индустрии (право на учество имаат општините), до 40 % од вкупното чинење на проектот, со максимален износ на финансиска поддршка до 1 800 000 денари**

   Подносителот треба:

- да достави детална програма на фестивалот со учесници, што ќе трае најмалку 15 (петнаесет) дена во 2025 година.

2. **Фестивал на креативни индустрии кој континуирано се одржува и досега се реализирани најмалку 10 изданија (право на учество имаат правни лица, со исклучок на општините и трговци поединци ), со максимален износ на финансиска поддршка до 1 200 000 денари**

   Подносителот треба:

- да има континуитет во професионално организирање фестивал од областа на креативните и културните индустрии над 10 (десет) години;
- да достави детална програма на фестивалот со учесници, што ќе трае повеќе од 7 (седум) дена во 2025 година.

3. **Фестивал на креативни индустрии кој континуирано се одржува и досега се реализирани најмалку 5 изданија (право на учество имаат правни лица, со исклучок на општините и трговци поединци), со максимален износ на финансиска поддршка до 600 000 денари**

   Подносителот треба:

- да има континуитет во професионално организирање фестивал од областа на креативните и културните индустрии повеќе од 5 (пет) години, а кој траел најмалку 3 (три) дена;
- да достави детална програма на фестивалот со учесници, што ќе трае најмалку 3 (три) дена во 2025 година.

4. **Фестивал/саем/манифестација на креативни индустрии (право на учество имаат правни лица, со исклучок на општините и трговци поединци), со максимален износ на финансиска поддршка до 400 000 денари**

   Подносителот треба:

- да има континуитет во професионално организирање проекти/активности од областа на креативните и културните индустрии повеќе од 2 (две) години;

- да достави детална програма со учесници, што ќе трае најмалку 2 (два) дена во 2025 година.

5. **Изработка на колекција/серија на различни производи и изложба/презентација на производите (право на учество имаат физички лица и трговци поединци), со максимален износ на финансиска поддршка до 100 000 денари**
   Подносителот треба:
- да има учествувано на најмалку 1 (една) јавна изложба/саем/манифестација/фестивал од областа на креативни и културни индустрии;
- да достави концепт и визуелен материјал за своите креативни производи.
  ***Министерството за култура и туризам ќе обезбеди простор за презентација на креативните производи.***

6. **Организирање конференција/форум од областа на креативните индустрии (право на учество имаат правни лица, со исклучок на општините и трговци поединци ), со максимален износ на финансиска поддршка до 500 000 денари.**
   Подносителот треба:
- да има континуитет во професионално организирање конференција/форум од областа на креативните и културните индустрии повеќе од 3 (три) години на кои учествувале меѓународни и домашни експерти;
- да достави концепт и листа на учесници.

## V. КРИТЕРИУМИ И МЕРИЛА ВРЗ ЧИЈА ОСНОВА ЌЕ СЕ ВРШИ ОЦЕНА НА ПРОЕКТИТЕ

**Стручна комисија ќе врши оцена на проектите врз основа на следниве критериуми:**

1. Квалитет на содржината на проектот.
2. Човечки ресурси.
3. Финансиска оправданост

**Горенаведените критериуми ќе се оценуваат според следниве мерила:**

**1. Квалитет на содржината на проектот – вкупно 50 бода**

Квалитетот на содржината на проектот ќе се цени преку креативност, оригиналност, очекувано влијание, актуелност, иновативност, видливост.

**2. Човечки ресурси – вкупно 30 бода**

Човечките ресурси ќе се ценат преку уметничките, односно стручните достигнувања на носителите и на учесниците во проектот, искуството во соодветната област, признанија, награди, позитивни критики за претходни достигнувања.

**3. Финансиска оправданост – вкупно 20 бода**

Финансиската оправданост треба да ја изразува реалната проекција за висината на вкупните трошоци за реализација на проектот, како и реалниот баланс меѓу авторските хонорари и другите трошоци за реализација на проектот.

## VI. ПРОЦЕНТ НА УЧЕСТВО НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОЕКТИТЕ

Процентот на учество на Министерството за култура и туризам во финансирањето на проектите е во согласност со средствата предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности.

## VI. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

**За да може да биде избран и финансиран како проект од национален интерес во културата, проектот треба да добие најмалку 51 бод, од вкупно 100 бода, во согласност со критериумите и мерилата врз чија основа е извршена оцена на проектите.**

**Министерството за култура и туризам ќе учествува во финансирањето на проектот со најмалку 51 % од средствата во максимален износ во денари утврдени по видови проекти од глава I од овој конкурс.**

**По исклучок, доколку проектот добие најмалку 51 бод, а побараните средства се пониски од износот на 51 % од средствата што би требало да се одобрат, Министерството за култура и туризам го задржува правото да учествува во финансирање на проектот, но не во износ повисок од побараната сума од корисникот.**

## VI. РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

**Рокот за поднесување на пријавите за проекти за развој на креативните индустрии е од 28.3.2025 до 28.4.2025 година до 15:30 часот.**

## VII. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

1. Начин на пријавување:

Пријавите се поднесуваат во архивата на Министерството за култура и туризам.

2. Известување за резултатите од Конкурсот:

За резултатите од Конкурсот, подносителите на пријавите ќе бидат известени во согласност со Законот за културата. Резултатите од Конкурсот ќе бидат објавени и на веб-страницата на Министерството за култура и туризам.

Објавените резултати ќе содржат информации за носителот на проектот, наслов на проектот и одобрените средства за реализација на проектот.

3. Дополнителни информации

Дополнителни стручни информации во врска со Конкурсот може да се добијат на следнава електронска адреса: arlind.huseini@kultura.gov.mk